# „Бој се од Аллах каде и да се наоѓаш; по лошото дело направи добро – тоа ќе го избрише; и со луѓето однесувај се убаво.“

Од Ебу Зер, Џундуб бин Џунада, и Ебу Абдурахман, Муаз бин Џебел – Аллах нека е задоволен со двајцата – се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Бој се од Аллах каде и да се наоѓаш; по лошото дело направи добро – тоа ќе го избрише; и со луѓето однесувај се убаво.“
[قال الترمذي: حديث حسن] [رواه الترمذي]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, наредил три работи: Прво: Богобојазливост – тоа значи да се извршуваат наредбите и да се оставаат забраните, во секое време, место и состојба – било тајно или јавно, во благосостојба или при искушение, и во сите други прилики. Прво: Богобојазливост – тоа значи да се извршуваат наредбите и да се оставаат забраните, во секое време, место и состојба – било тајно или јавно, во благосостојба или во искушение, и во сите други прилики. Второ: Кога ќе направиш нешто лошо, по истото нека следи добро дело – како што се намазот, садаката, добрчинството, поврзувањето на роднинските врски или покајанието – затоа што доброто ги брише лошите дела. Трето: Однесувај се со луѓето со убави морални особини – насмевни им се, биди благ, нежен, прави добро и воздржи се од нанесување штета.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee